# НАСОКИ
## за постапување на единиците на УКЛО за време на пријавувањето / запишувањето на кандидати по Конкурс во прва година во академската 2020/2021 година

- Пријавувањето / запишувањето кандидати се одвива во работно време определено на секоја единица на УКЛО;
- Задолжително е носењето заштитна опрема (маски, а ракавици - по потреба) од страна на сите вработени во единицата на УКЛО;
- Се организира редарска служба во единицата на УКЛО, со цел спроведување ред и одржување потребно растојание меѓу кандидатите од минимум 2 метри, пред и во установата. Во зависност од можностите на единицата, препорачливо е да се ангажира/ат редар/и пред влезот на установата и во самата установа. Редарите треба да се ангажираат од редот на вработените во установата, за што одлучува деканот/директорот на единицата на УКЛО;
- Треба да се постават ознаки со кои се означува правец на движење и запазување минимум потребно растојание при чекање ред на кандидатите, пред и во установата;
- Физичко растојание од 2 метри помеѓу присутните кандидати се одржува пред и во установата, како и во просторијата
- Прием на документите за пријавување / запишување во согласност со Конкурсот се врши на означени приемни места. Бројот на приемните места треба да е во согласност со предвиденото растојание и просторот со кој располага самата установа;
- При прием на документи се овозможува влез на одреден број кандидати во установата, во зависност од просторот со кој располага (во принцип, бројот на кандидати треба да биде еднаков на бројот на приемни места);
- Се дозволува влез само на кандидатот, не и на неговиот придружник (освен во случаи кога се работи за кандидати на кои им е потребна асистенција – слепо лице, лице со телесен хендикеп и сл). Во посебен случај, доколку кандидатот е спречен да дојде лично, од оправдани причини (болест, самоизолација итн.), се дозволува влез само на лице овластено од него лично. Сите лица кои влегуваат во установата треба да носат заштитна маска, марама или шал, со кој/а ќе бидат покриени устата и носот;
- Пред пријавувањето во роковите утврдени во Конкурсот, секој заинтересиран кандидат треба да се има регистрирано на www.upisi.uklo.edu.mk и да ја пополнил и испратил електронската пријава од iKnow системот. Бројот, којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронско пријавување, треба да се внесе и во печатената пријава по Конкурсот. Доколку од оправдани причини кандидатот не се регистрирал во iKnow системот и не пополнил и испратил електронска пријава, истото ќе може да го направи на денот на поднесување на документите, во установата, со помош на задолжените вработени лица;
- Прием се врши само на комплетни документи (во оригинална форма и незаверени копии од документите), во согласност со критериумите и условите за запишување и потребните документи по Конкурсот, придружени со претходно потполнета пријава по Конкурс (која се купува од скриптарата, односно единицата на УКЛО), како и извршени уплати за пријавување / запишување наведени во Конкурсот;
- Задолжително е носење документ за лична идентификација и прибор за пишување. Кандидатите, за оваа обврска, треба да бидат навремено информирани;

- При доставување на документите за пријавување / запишување од страна на кандидатите се препорачува истото да биде во согласност со изготвени распореди на поднесени електронски пријави. Секоја единица на УКЛО може да изготви распореди на електронски пријави поднесени од кандидатите според азбучен ред од презимето, еден ден пред денот за поднесување на документацијата во писмена форма. Во распоредите се истакнува датумот кога кандидатите треба да одат во установата и да ги поднесат соодветните документи за пријавување / запишување, во согласност со Конкурсот;
- Треба да се постават средства за дезинфекција на влезот во високообразовната установа (за обувки и за раце), како и пред просториите каде се врши пријавување/запишување на кандидатите, со цел кандидатите да се дезинфицираат при влез, односно излез од установата;
- Задолжителна е редовна дезинфекција на клупите и просторот во високообразовната установа со дезинфекционо средство кое делува на вируси, според упатство од производителот;
- Единиците на УКЛО, кои имаат два влеза/излеза, треба да организираат влез од една, а излез од друга страна;
- На крајот на секој ден задолжително е механичко чистење и дезинфекција со средство кое делува на вируси, според упатство од производителот. Алтернативно, може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство, кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција на горни површини;
- Задолжително е редовно одржување на тоалетите, со водење евиденција за спроведеното чистење и употреба на горенаведените дезинфекциони средства;
- Единицата на УКЛО, доколку самата одлучи, може да ја спроведе оваа постапка на отворено, пред зградата на установата, запазувајќи ги соодветните гореопишани насоки, како и поставување јасни ознаки за влез, движење и излез на кандидатите.

Заради заштитата на здравјето, се повикуваат сите кандидати на доследно почитување на превентивните мерки од Владата на Република Северна Македонија:

- ✓ Бидете трпеливи, чекајте во ред и одржувајте најмалку 2 метри растојание од лицата околу вас, пред и во установата;
- ✓ Почитувајте ги препораките на редарите и влегувајте во установата еден по еден, т.е откако редарот ќе ви дозволи, односно откако кандидатот пред Вас ќе излезе од установата;
- ✓ Не се задржувајте повеќе од потребното време во установата;
- ✓ Задолжително носете заштитна опрема (маска, марама, шал), во спротивно нема да ви биде дозволен влез во установата.

**ВИ БЛАГОДАРИМЕ ШТО ГИ ПОЧИТУВАТЕ МЕРКИТЕ,**

**ЗАТОА ШТО АКО СЕ ШТИТИТЕ СЕБЕСИ,**

**ГИ ШТИТИТЕ И ДРУГИТЕ!**